ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-108/9
04.10.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **20.09.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(За која цел и со каква намена се трошат средствата кои и се доделени на Општината по основ на годишната Програма за инвестирање во животната средина? (детален опис на барањето во прилог на решението)**

## СЕ УВАЖУВА

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-108/1 од 20.09.2023.
2. Допис до Раководител на Одделение за финансиски прашања бр.11-108/2 од 20.09.2023 година.
3. Допис до Раководител на Одделение за комунални дејности бр.11-108/3 од 20.09.2023 година.
4. Допис до Раководител на Одделение за урбанистичко планирање и заштита за животна средина бр.11-108/4 од 20.09.2023 година.
5. Одговор од Одделение за финансиски прашања со бр. 11-108/5 од 20.09.2023 година.
6. Одговор од Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјипте со бр. 11-108/6 од 22.09.2023 година.
7. Ургенција по доставено барање до Одделение за урбанистичко планирање и заштита за животна средина со бр.11-108/7 од 03.10.2023
8. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита за животна средина со бр.11-108/8 од 04.10.2023

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 04.10.2023 година, под бр. 11-108/9.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**
________________________
**Евгенија Чукалева**
________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА БИТОЛА**

| Примено: | 20.09.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 108/1 | | |

Скопје, 19.09.2023

До
Општина Битола
Бул. 1-ви Мај бр.61
Битола

# БАРАЊЕ
# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани,
Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. За која цел и со каква намена се трошат средствата кои и се доделени на општината по основ на годишната Програма за инвестирање во животната средина, како и по основ на Одлуката на Владата за распределба на средствата од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, дали за истото општината доставува извештај до МЖСПП и во кој рок и дали е добиен одговор во врска со одобрување на ваквиот извештај?
2. Колку средства општината има добиено за годините 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 по основ на годишната Програма за инвестирање во животната средина, како и по основ на Одлуката на Владата за распределба на средствата од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива? Доколку е можно, Ве молиме податоците да бидат доставени во тебеларен преглед.
3. За која цел и какви намени се користеле средствата по основ на надоместоците за интегрирани еколошки дозволи, дали во општината се води евиденција за плаќањата, и дали навремено се преземаат дејствија за наплата на надоместоците за годините 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022? Исто така, Ве молиме за информација дали при утврдување на минималната висина на надоместокот се водите од законската одредба од член 121 став (3), односно член 129 став (3) од ЗЖС, или од Уредбите за А и Б интегрирани еколошки дозволи?
4. Колку средства општината добила за годините 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 по основ на надоместоците за интегрирани еколошки дозволи, одделно за А и Б дозволи? Доколку е можно, Ве молиме податоците да бидат доставени во тебеларен преглед.

Ве молиме бараната документација да ни ја доставите во електронска форма или доколку документите се само во писмен формат да ни овозможите увид во истите и можност за копија.

Документите Ве молиме да ги доставите на следниве електронски адреси:

[redacted]

Контакт информации:

[redacted]

Однапред благодариме на соработката.

Со почит,

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До

Раководител на одделение финансиски прашања

Бр.11-108/2
20.09.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-108/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил
20.09.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Маријана Спасевска
Раководител на одделение за комунални дејности

Бр.11-108/3
20.09.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-108/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
20.09.2023

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита за животна средина

Бр.11-108/4
20.09.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-108/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
20.09.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

# Споредба на планирано и остварено

## за период : 01.1.2016-31.12.2016

| Конто | Опис на контото | Типови на сметки | Програма | Планирано | Остварено | Разлика | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 2.950,00 | 7.050,00 | 29,50 |
| 718127 | Надоместок кој го плакаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 2.950,00 | 7.050,00 | 29,50 |
| | | | Вкупно за програма : | 10.000,00 | 2.950,00 | 7.050,00 | 29,50 |
| | | | Вкупно за сметка | 10.000,00 | 2.950,00 | 7.050,00 | 29,50 |
| | | | ВКУПНО: | 10.000,00 | 2.950,00 | 7.050,00 | 29,50 |

# Споредба на планирано и остварено

за период : 01.1.2017-31.12.2017

| Конто | Опис на контото | Типови на сметки | Програма | Планирано | Остварено | Разлика | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 00001 Буџетска сметка | | 15.000,00 | 8.293,00 | 6.707,00 | 55,29 |
| 718127 | Надоместок кој го плакаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | 00001 Буџетска сметка | | 15.000,00 | 8.293,00 | 6.707,00 | 55,29 |
| | | | Вкупно за програма : | 15.000,00 | 8.293,00 | 6.707,00 | 55,29 |
| | | | Вкупно за сметка | 15.000,00 | 8.293,00 | 6.707,00 | 55,29 |
| | | | ВКУПНО: | 15.000,00 | 8.293,00 | 6.707,00 | 55,29 |

# Споредба на планирано и остварено

## за период : 01.1.2018-31.12.2018

| Конто | Опис на контото | Типови на сметки | Програма | Планирано | Остварено | Разлика | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| 718127 | Надоместок кој го плакаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| | | | Вкупно за програма : | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| | | | Вкупно за сметка | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| | | | ВКУПНО: | 10.000,00 | | 10.000,00 | |

# Споредба на планирано и остварено

**за период : 01.1.2019-31.12.2019**

| Конто | Опис на контото | Типови на сметки | Програма | Планирано | Остварено | Разлика | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| 718127 | Надоместок кој го плакаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| | | | Вкупно за програма : | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| | | | Вкупно за сметка | 10.000,00 | | 10.000,00 | |
| | | | ВКУПНО: | 10.000,00 | | 10.000,00 | |

# Споредба на планирано и остварено

## за период : 01.1.2020-31.12.2020

| Конто | Опис на контото | Типови на сметки | Програма | Планирано | Остварено | Разлика | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 1.890,00 | 8.110,00 | 18,90 |
| 718127 | Надоместок кој го плакаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 1.890,00 | 8.110,00 | 18,90 |
| | | | Вкупно за програма : | 10.000,00 | 1.890,00 | 8.110,00 | 18,90 |
| | | | Вкупно за сметка | 10.000,00 | 1.890,00 | 8.110,00 | 18,90 |
| | | | ВКУПНО: | 10.000,00 | 1.890,00 | 8.110,00 | 18,90 |

# Споредба на планирано и остварено

## за период : 01.1.2021-31.12.2021

| Конто | Опис на контото | Типови на сметки | Програма | Планирано | Остварено | Разлика | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 1.363,00 | 8.637,00 | 13,63 |
| 718127 | Надоместок кој го плакаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 1.363,00 | 8.637,00 | 13,63 |
| | | | Вкупно за програма : | 10.000,00 | 1.363,00 | 8.637,00 | 13,63 |
| | | | Вкупно за сметка | 10.000,00 | 1.363,00 | 8.637,00 | 13,63 |
| | | | ВКУПНО: | 10.000,00 | 1.363,00 | 8.637,00 | 13,63 |

# Споредба на планирано и остварено

за период : 01.1.2022-31.12.2022

| Конто | Опис на контото | Типови на сметки | Програма | Планирано | Остварено | Разлика | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 2.847,00 | 7.153,00 | 28,47 |
| 718127 | Надоместок кој го плакаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | 00001 Буџетска сметка | | 10.000,00 | 2.847,00 | 7.153,00 | 28,47 |
| | | | Вкупно за програма : | 10.000,00 | 2.847,00 | 7.153,00 | 28,47 |
| | | | Вкупно за сметка | 10.000,00 | 2.847,00 | 7.153,00 | 28,47 |
| | | | ВКУПНО: | 10.000,00 | 2.847,00 | 7.153,00 | 28,47 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 20 -09- 2023
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 108/5 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Врз основа на Ваше барање од 20.09.2023 година број 11-108/2, Ве известуваме дека:

Општина Битола по основ на надоместоци од Б- интегрирани еколошки дозволи има добиено средства и тоа:
2016 година 2.950,00 денари
2017 година 8.293,00 денари
2018 година 0 денари
2019 година 0 денари
2020 година 1.890,00 денари
2021 година 1.363,00 денари
2022 година 2.847,00 денари

Битола
20.09.2023 година

Раководител на Сектор
за финансиски прашања
Б. Талевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 328 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 22.09.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 108/6 | | |

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-664/2 од 21.09.2023г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до**
**информации од јавен карактер**
**-Емилија Илиевска**

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со Вашето доставено барање до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште бр.11-108/3 од 20.09.2023г., кое се однесува на потреба од информациии од јавен карактер,

Ве известуваме дека по однос на **првото барање** - со која цел и со каква намена се трошат средствата кои и се доделени на општината по основ на годишна програма за инвестирање во животната средина како и по основ на Одлуката на Влада за распределба на средствата од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, истите се потрошени за изградба/реконструкција на канализациони мрежи. Согласно договорот склучен помеѓу Општина Битола и МЖСПП за секој објект согласно склучениот договор за изведба до МЖСПП од страна на Општина Битола се доставува комплетна документација која содржи и завршни книги и завршни извештаи во рок крајно до 01.12. од секоја година.

По однос на **второто барање** – колку вкупно средства има добиено Општина Битола од 2016-2022г. Ве известуваме редоследно:

- 2016г ……….13.314.536,00
- 2017г.............12.871.993,00
- 2018г.............14.359.462,00
- 2019г.............11.272.125,00
- 2020г.............15.124.445,00
- 2021г.............11.300.292,00

За 2022г. очекуваме дека Владата на РСМ ќе ни додели средства во 2024г.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До

Бр.11-108/7
03.10.2023

Одделение за урбанистичко планирање
И заштита на животната средина

**Предмет: Ургенција по доставено барање за добивање одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ве молам за одговор во рок од 2 дена во врска со доставеното барање бр.11-108/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Евгенија Чукалева

Примил:
03.10.2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04.10.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 108/8 | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Сл-31

03.10.2023 год.

Битола

До

Емилија Илиевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање на информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр.11-108/1 од 20.09.2023 година, а се однесува на информации од јавен карактер согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/2019) од страна на [redacted] РСМ , Ве информирам дека Одделението за уранистичко планирање и заштита на животната средина ќе одговори само по прашањата кои се надлежност на истото.

1.Во врска со првото прашање, а се однесува со каква намена се трошат средствата кои се доделени на општината по основ на годишната Програма за инвестирање во животната средина, Ве информираме дека на Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина не и се доделени средства од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива во Програма за животна средина.

2.Во врска со третото прешање а се однесува на тоа за која цел и намени се користеле средставата по основ на надоместоците за интегрирани еколошки дозволи ве информираме дека: Одделението за УПиЗЖС операторите со Бинтегрирани екололошки дозволи при издавање на истата ги задолжува со годишен надоместок.

Операторите се должни еднаш годишно надоместокот да го исплаќаат на сметката на општина Битола.

Исто така ве информираме дека одделението за УПиЖЗС нема евиденција дали уплатата е извршена и за која намена се користат средствата.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска

Контролирал: Љубо Атанасовски диа

Раководител на Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

________________________

м-р Валентина А. Кривашија диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk